Република Северна Македонија
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА
БАЊА БАНСКО СТРУМИЦА
Бр. 05-04/138
28. 11. 2022 год.
Струмица

Врз основа на член 21 од Статутот на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација-Бања Банско, а во врска со член 77 точка 2 и 3 од Законот за јавни набавки (Сл. весник на Р.С.М бр. 24/2019,64/19), Директорот на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација-Бања Банско ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за набавка на стоки - набавка на котел на нафта(за парно)

**1.** За потребите на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација-Бања Банско да се изврши набавка на **набавка на котел на нафта(за парно)** за период од (1) една година.

**2.** Средствата потребни за извршување на набавката да не изнесуваат повеќе **од 276.250,00** денари со вклучен ДДВ (на сметка 603, програма 42, расходна ставка 480 ) истите се обезбедуваат од Министерството за труд и социјална политика **бр. 05-19/446 од 16.11.2022 година.**

**3. Набавката да се спроведе во постапка со преговарање без објавување на оглас поради крајна итност** , во хартиена форма и завршува кај договрниот орган по крајот на преговорите, а во согласност со член 55 став 1, точка г) од Законот за јавни набавки.

**4.** Комисија за јавни набавки во состав:

- Розита Манчева - Претседател;
- Тања Божијанова - член
- Елена Атанасова - член

Заменици:

- Габриела Ѓоргиева
- Петранка Ризова Василева
- Евгенија Гогова

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

6. По еден примерок од оваа одлука да се достави до архива и Комисија за јавни набавки.

## О б р а з л о ж е н и е

ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско има потреба да спроведе постапка со преговарање без објавување на оглас од крајна итност, за кое спроведување побара мислење од БЈН.

БЈН врз основа на изнесените факти од наша страна, даде позитивно мислење со арх. бр. 18-1800/2 од 21.11.2022година за спроведување на постапката.

Причините за барање за спроведување на ваквата постапка се следните:

Ние сме Установа која згрижува телесни инвалидни лица и користи свое сопствено грејно тело, а тоа е котел на нафта (за парно) со кој се загрева целиот објект во зимскиот период.Меѓутоа дојде до тешко оштетување на котелот на нафта, односно пукнал на задното тло со што се прекина можноста за затоплување на целиот објект сега кога започна грејната сезона.

Ваквата состојба единствено може да се реши со набавка на нов котел на нафта (челичен), бидејќи стариот неможе да се санира повеќе. Со набавка на новиот котел на нафта (транспорт, демонтажа и монтажа на новиот ) ќе се овозможи брзо и беспрекорно греење на објектот.

Предмет бр. 15 /2022

*Доставено до:*
-Архива
-Комисија за јавни набавки

Директор
Николинка Георгиева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА БАЊА БАНСКО СТРУМИЦА